РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА
СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Бр 02-3133/1
23.07 2025 год.
Охрид

Врз основа на член 184 став 1 алинеја 7 од Законот за социјалната заштита (Службен весник на РСМ бр.104/19, бр.146/19, бр.275/19, бр.302/20, бр.311/20, бр.163/21, бр.294/21 и бр.99/22) член 16 од Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид и Одлуката на Управниот одбор бр.02-3132/1 од 23.07.2025 година донесена на седница одржана на ден 23.07.2025 година, Управниот одбор при ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид, распишува

ЈАВЕН ОГЛАС
за избор на Директор на
ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид

1. Заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат следните услови утврдени со закон :
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- со правосилна судска пресуда да нема изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- да има високо образование, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од следните образовни профили: дипломиран социјален работник, психолог, андрагог, педагог, правник, економист, лекар, дефектолог, логопед, специјален педагог за превенција и ресоцијализација, социолог, здравствен работник, воспитувач;
- да има минимум пет години работно искуство по дипломирањето;
- да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
  - ТОЕФЕЛ ИБТ најмалу 74 бода,
  - ИЕЛТС (IELTS) – најмалку 6 бода,
  - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
  - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
  - БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
  - АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2).
- да поднесе подготвена програма за раководење со установата.

2. Кандидатите треба да ги доставaт следните документи:
- Пријава со кратка биографија;
- Уверение за државјанство;
- Уверение/Потврда дека не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- Доказ за завршено соодветно високо образование - уверение или диплома;
- Доказ за работно искуство по дипломирањето;
- Меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години
  - ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
  - ИЕЛТС (IELTS) – најмалку 6 бода,
  - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,

- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2).

- Програма за раководење со установата.

3. Распоред на работно време

- Работни денови: Понеделник – Петок
- Работни часови: неделно 40 часа
- Работно време: од 08:00 до 16:00 часот

Нето платата изнесува 47393 ,00 денари.

4. Документите се доставуваат во оригинал или фотокопија заверена на Нотар.

5. Јавниот оглас трае 8 (осум) дена од денот на објавувањето.

6.Некомплетните и ненавремено доставените документи нема да се разгледуваат.

7. Пријавите со потребните документи да се достават до архивата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид или по пошта на следната адреса, ул."7-ми Ноември " бр.272 - Охрид (со назнака Јавен оглас за избор на директор).

Управен одбор на
ЈУМЦСР Охрид
Претседател
Радмила Кевереска

Р. Кевер

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
ОХРИД